Република Македонија
**Општина Охрид**

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

# ЈАВЕН ПОВИК

за литературен и ликовен конкурс за ученици од основните и средните училишта

Општина Охрид преку Советот за превенција на детско престапништво и Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата распишува:

1. **Литературен и ликовен конкурс** на тема:
   ***„Безбедно на патот-сигурно до целта“*** наменет за учениците од I до IX одделение.
   **Цел**: подигнување на јавната свест за сообраќајната култура и безбедноста на децата во сообраќајот, почитување на сообраќајните правила и прописи.
   Право на учество имаат учениците во следните категории:

   **I категорија**: Ученици од одделенска настава (од прво до петто одделение);
   Износот на наградата за најдобрите литературни и ликовни творби во **I категорија е**:
   Прво место- 3000 денари;
   Второ место-2000 денари;
   Трето место-1000 денари;

   **II категорија:** Ученици од предметна настава (од шесто до деветто одделение);
   Износот на наградата за најдобрите литературни и ликовни творби во **II категорија е**:
   Прво место- 4000 денари;
   Второ место-3000 денари;
   Трето место-2000 денари;

2. **Литературен конкурс** на тема:
   ***„Секој збор е пат, секоја мисла светлина –да не се изгубиме во темнината на грешката“*** наменет за учениците од (I до IV година) од средните училишта на подрачје на општина Охрид.
   **Цел:** поттикнување на свеста кај младите за последиците од погрешните избори и девијантното однесување, емпатија наспроти насилство, мирно решавање на конфликти, важноста на личната и општествената одговорност.

Право на учество имаат учениците од (I до IV година) од средните училишта на подрачје на општина Охрид (**III категорија** .

Износот на наградата за најдобрите литературни творби во **III категорија** е:

Република Македонија
**Општина Охрид**

Прво место- 5000 денари;
Второ место-3000 денари;
Трето место-2000 денари;

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

Изборот на најдобрите поетски и ликовни творби ќе го направи петчлена жири – комисија, формирана од градоначалникот на Општина Охрид.

Право на учество на овој Конкурс имаат сите редовни ученици од основните и средните училишта на подрачјето на Општина Охрид.

**Доставување на ликовните творби:**

Секој учесник ликовната творба да ја претстави на цртеж со дизмензија блок бр.5, техника по слободен избор и да ја достави во затворен плик-А3 формат на кој на горниот лев агол треба да стои ознаката **„Не отворај“,** а во средината треба да биде назначена точната адреса на примачот (наведена подолу) со назнака **„за ликовен конкурс-Категорија- I или II “.** Надворешноста на пликот не смее да содржи никакви ознаки за испраќачот.

Во затворениот плик-А3 формат треба да има уште два затворени мали запечатени плика, од кои едниот со ознака **„ликовна творба“ под шифра „XXXX”**, а другиот со ознака **„податоци“** и истиот содржи податоци за идентификацијата на испраќачот (име и презиме на ученикот, возраст, одделение, адреса на ученикот, името на училиштето, телефонски број на учесникот).

Најдобрите ликовни творби ќе бидат наградени и изложени на паноа на настанот „Општински семафор” и истите ќе бидат предмет на аукција за хуманитарни цели.

**Доставување на литературните творби:**

Секој учесник литературната творба (поезија или проза) да ја претстави во ракопис или печатена форма (word document) и да ја достави во затворен плик-А4 формат на кој на горниот лев агол треба да стои ознаката **„Не отворај“,** а во средината треба да биде назначена точната адреса на примачот (наведена подолу) со назнака **„за литературен конкурс-Категорија- I, II или III “.** Надворешноста на пликот не смее да содржи никакви ознаки за испраќачот.

Во затворениот плик-А4 формат треба да има уште два затворени мали запечатени плика, од кои едниот со ознака **„литературна творба“** под **шифра „XXXX”**, а другиот со ознака **„податоци“** и истиот содржи податоци за идентификацијата на испраќачот (име и презиме на ученикот, возраст, одделение/година, адреса на ученикот, името на училиштето, телефонски број на учесникот).

Најдобрите литературни творби од Категорија **I, II или III** ќе бидат наградени и промовирани на настанот „Општински семафор”.

**Рок на доставување на творбите:**

Литературните и ликовните творби најдоцна до 13.03.2026 година до 12 часот, треба да се достават  на следната адреса:

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Ул. „Димитар Влахов“ бр 57, 6000 Охрид**
**Со назнака за „ литературен или ликовен конкурс- Категорија- I, II или III “**
**Или лично во архивата  на Општина Охрид**

Творбите за Конкурсот кои нема да бидат доставени во наведениот рок нема да бидат разгледувани.

За дополнителни информации заинтересираните можат да се обратат на тел. 078/910-427 секој работен ден од 08.00 до 16.00 часот или во просториите на Општина Охрид.

ОПШТИНА ОХРИД

Комисија за спроведување конкурс

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk